Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Е-Билтен бр.18
# Јули 2019

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на АкРРа (Акција за рурален развој) и во никој случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.



## Национален рурален парламент како глас на руралното население


Ул.:„Коста Веселинов„ бр. 3а,
1000 Скопје
Р. Македонија
Т: +389 (2) 3075 506
F: +389 (2) 3075 503
email: info@ruralnet.mk
zg.akrra@yahoo.com


Партнери на проектот

CNVP

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АкРРа АКЦИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# Прв Национален рурален парламент во Република Северна Македонија



Во периодот од 12 – 14 јуни, 2019 год., во Република Северна Македонија беше организиран првиот Национален рурален парламент, следејќи го позитивниот пример на европските земји кои години наназад организираат рурални парламенти како ефикасен процес на вклучување и дискусија помеѓу руралното население и креаторите на политики со цел подобрување на руралните политики и адресирање на одредени проблеми поврзани со руралниот развој.



Повеќе од 90 претставници на локални граѓански организации, меѓународни организации, бизнис секторот, локалната самоуправа, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се сретнаа во Крушево на првиот национален рурален парламент во Северна Македонија и имаа можност да споделат знаење и искуства на различни теми од областа на руралниот развој адресирани преку панел дискусијата и работата во групи. Целта на руралниот парламент е креирање на една национална платформа на рурални граѓански организации која ќе биде активно вклучена во креирањето на стратегиите и политиките за рурален развој на национално и локално ниво.



Со првиот Национален рурален парламент беше заокружен три-годишниот проект „Национален рурален парламент како глас на руралното население", поддржан од ЕУ, а спроведуван од трите организации: ЦНВП - Организација за поврзување на природни вредности и луѓе, МРР на РМ - Мрежа за рурален развој на Република Македонија и АкРРа - Акција за рурален развој. Покрај обраќањата на претседателот на Мрежата за рурален развој – Петар Ѓоргиевски и проектниот менаџер и директор на ЦНВП – Анела Ставревска Панајотова, свои обраќања и презентации имаа: шефот на кабинетот на Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство - Трајан Димковски, крушевскиот градоначалник - Томе Христоски, експертот за рурален развој – Софија Давидова, претседателот на ПРЕПАРЕ – Арис Адлерс, генералниот секретар на Постојаната работна група за рурален развој на Југоисточна Европа SWG - Бобан Илиќ, Столе Георгиев од Локалната акциска група Плачковица и професор д-р Јорде Јакимовски од Институтот за социолошки, политичко правни истражувања.

„Целта е да ги вклучиме овие организации кои можат да бидат помош околу креирањето на политиките, бидејќи државата не може да стигне до приоритетите во секоја Општина, секој Плански регион има различен приоритет и токму затоа граѓанските организации можат да бидат добар партнер на државата која што е креатор на политиките", истакна Анела Ставревска Панајотова, директор на ЦНВП.

„Се надеваме дека во иднина ќе се вклучи и Министерството за земјоделство во заедничка организација на Националниот рурален парламент бидејќи само со обединет пристап на граѓанскиот сектор и националните власти може заеднички да се придонесе за подобрување на животот во руралните средини", изјави Петар Ѓоргиевски, претседател на Мрежата за рурален развој на Македонија.

Учесниците на парламентот имаа можност да дискутираат и да адресираат прашања преку работењето во тематските групи:

- Тема 1. Можности за вработување на младите, жените и останати ранливи категории во руралните средини
- Тема 2. Лидер Програма
- Тема 3. Рурална диверзификација
- Тема 4. Одржливо земјоделство и практики

Заклучоците и препораките донесени во рамките на овие работни групи беа понатаму вклучени во крајниот продукт на Националниот рурален парламент – Манифестот. Овој Манифест, кој ќе биде официјално доставен до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и до други релавнтни институции, ги дава главните насоки и приоритети кон кои треба да се насочи руралната политика.








Првиот Национален рурален парламент заврши со теренски посети, каде учесниците имаа можност да видат позитивни примери за рурално претрпиемништво, рурален и алтернативен туризам, природни потенцијали и ресурси во регионите на Преспа и Маврово - Ростуше, како и да вкусат специјалитети од традиционалната македонска кујна. На овие средби со руралното население беа споделени искуства и ставови во однос на одржливоста и благосостојбата во руралните средини.

# Тематски работилници за дефинирање на приоритетни теми за развој на руралните средини







Во периодот од февруари до април 2019 година во рамките на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население„ се реализираа работилници во седумте плански региони на Република Северна Македонија. Преку заедничка дискусија на сите инволвирани страни во руралниот развој, присутните на работилниците имаа можност да ги искажат своите ставови и погледи во делот на руралниот развој. Ентузијазамот, позитивноста и ведриот дух во насока на што подобро утре помогнаа за поголема мотивација во дефинирањето на приоритетните теми.

Преку овие работилници се идентификуваа приоритетни теми за развој на руралните средини во секој регион поединечно, а потоа се направи еден сублимат на приоритетите и предизвиците од сите плански региони кои беа дел од дискусиите на Првиот Национален Рурален Парламент.

Од заедничките дискусии, под менторство на проектот беа издвоени следните приоритети:

| Бр. | Приоритетна тема |
|---|---|
| 1 | Олеснет пристап до извори на финансирање за нови инвестиции |
| 2 | Подобрување на можностите за вработување и/или започнување на бизнис за младите |
| 3 | Подобрување на социо-економските услови |
| 4 | Развој на рурален туризам |
| 5 | Развој на органско производство |
| 6 | Развој на земјоделството |
| 7 | Подобрен пристап до културни настани и активности |
| 8 | Подобрен пристап до детски градинки |
| 9 | Подобрен пристап и подобрување на здравствените услуги |
| 10 | Подобрен пласман и функционирање на пазарот |
| 11 | Подобрена ефикасност на производството |
| 12 | Подобрени услови за работа во земјоделството, шумарството и туризмот |
| 13 | Инвестирање во иновативни технологии и практики во бизнисот |
| 14 | Подобрени финансиските и осигурителни услуги |
| 15 | Одржливо користење на природните ресурси |
| 16 | Поддршка на развојот на шумарството |
| 17 | Поттикнување на здружувањето и задружниот модел |
| 18 | Подобрен пристап до знаење и информации |
| 19 | Подобрување на рурална инфраструктура |

На работилниците присуствуваа претставници од јавниот и граѓанскиот сектор, и истите покрај тоа што учествуваа во определувањето и рангирањето на приоритетите во руралните средини, имаа можност да се запознаат со кратките документи за политики, кои беа изработени од страна на дел од организациите во планските региони.









# Во рамките на програмата за ре-грантирање на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“ беа одобрени 10 проекти. Периодот на спроведување на истите беше од септември 2018 до јануари 2019година.

**Име на проект:**

## „Економско јакнење на руралните жени од различни етникуми од Источниот и Западниот регион“

**Организација:** Здружение на жени земјоделки АГРО-ВИНКА Виница

**Партнер:** Здружение Радика-Де Дебар

**Општа цел:**

преку воспоставување на подобра соработка и размена на искуства, едукација, промоција, соработка и заедничка заложба да ги поттикнеме младите и жените од различни етнички заедници од Источниот и Западниот регион (општините Виница, Дебар, Маврово Ростуше и Центар Жупа) да ги запознаат основите на претприемништвото и занаетчиството, да споделат искуства во двата региони, да развијат свои бизнис идеи и на тој начин да ги зголемат своите можности за економска независност.

**Специфична цел:**

подобрување на условите за развој и економско јакнење на жените и младите и создавање на подобра информираност за можностите и конкурентностите кои ги нуди регионот.

**Активности:**

1. Активност за интензивирање на соработката меѓу жените и младите од двата региона, преку спроведување на обука за заеднички развој, размена на искуство и градење на капацитети;

2. Организирање на еден дводневен семинар од областа на претприемништвото, развој на бизнис идеа и подготовка на бизнис план;

3. Организирање на една тродневна креативна практична работилница од областа на занаетчиството;

4. Подготовка и печатење на промотивни материјали;

5. Организирање на завршен настан на кој се промовирани бизнис идеите преку сопствени штандови;

6. Обновување на веб страна на здружението Агро-Винка од Виница.





**Резултати:**

1. Обучени 30 лица за основите на занаетчиството и претприменииштвото, подготовка на бизнис план и развивање на бизнис идеа, плетење со мониства, филц техника и ткаење;2. Охрабрени најмалку 20% од учесниците да отпочнат сопствен бизнис;3. Завршен настан со базар од околу 50 изработени производи на практичните обуки;

4. Разменети контакти за продажба на ракотворбите и подобрена комуникација и соживот помеѓу различните етникуми;

**Име на проект:**

## Фер кон природата







**Организација:** Здружение на граѓани ЕКОВИТА

**Партнер:** Здружение на производители на органски храна Биовита - Кавадарци

**Општа цел на проектот:**

Органско производство, заштита и одржливо искористување на животната средина во руралните подрачја.

**Специфични цели на проектот:**

- вмрежување на засегнати страни од агро секторот во руралните средини, (рурални фармери, земјоделци, преработувачи, туристи, угостители, купувачи, сертификационо тело, тренери и др.);
- развивање на концепт кој ќе обезбеди враќање на традиционалниот начин на одгледување на земјоделските култури, со сорти и видови кои се автохтони и адаптирани на микроклиматските услови кои постијат во руралните области на Тиквешкиот Регион;
- обука и сертификација на традиционалните земјоделски култури во руралните средини, за производство на органски производи;
- обезбеден пласман  на земјоделските култури во преработувачки капацитети.

**Активности:**

1. Анализа на теренот и одредување земјоделски производители чии површини одговараат за организирање органско производство,  во руралните области на Тиквешкиот Регион.
2. Изготвување на упатство за органско производство за почетно ниво.
3. Организирање работилница на тема основни принципи на органското производство за примарни производители, преработувачи, трговци со инпути за органско производство, трговци со земјоделски производи, угостители и потрошувачи на здрава храна.
4. Одредување на производители кои поседуваат капацитети за организирање органско производство.
5. Обука на тема „Техники на одгледување на специфични земјоделски култури според принципите на органското производство".

**Резултати:**

- 10 обучени и сертифицирани земјоделци, кои своите производи ќе ги продаваат на локалниот пазар
- упатство за органско производство за почетно ниво
- Конкурентно производство на производи со додадена вредност, преку сертифицирање на површини согласно принципите на органското производство
- подигнување на економската вредност на руралното производство  преку обезбедување на пласман на производите

опстанок на земјоделската популација во Руралните подрачја, на начин кој обезбедува одржливост на животната средина и биодиверзитетот.

**Име на проект:**

## Јакнење на капацитетите на граѓанските организации за постигнување повисоко ниво на одржливост и репрезентативна моќ

**Организација:** Здружение на производители на градинарски и цвеќарски видови "ХОРТИ ЕКО", Струмица

**Партнер:** Здружение за образовно-едукативни цели ДМ ЛЕНГУИЏЕС

**Општа цел на проектот:** Зајакнување на активната средина на граѓанското општество, што ќе придонесе за развој и одржливост на граѓанските организации во земјата како проактивни социјални актери.

**Специфична цел на проектот:** да се зголеми капацитетот на членовите на ЗПГЦВ "Хорти Еко", Струмица и ДМ Ленгуиџес што ќе води кон нивно признавање, како клучни играчи за застапување на интересите на руралните жители на локално, регионално па и на национално ниво.

**Активности:**

1. Активно учество во спроведувањето на програма за обука на членовите на 2-те граѓански организации наменета за организациско јакнење ;
2. Дизајн и имплементација на кампања за информирање за здружен пристап на руралното население;
3. Организирање на тркалезна маса со сите засегнати чинители во секторот, со цел овозможување на партиципативност и приближување на локалните актери до земјоделството и процесите за подобрување на состојбата со регистрација на фармерите и формализирање на нивните земјоделски активности;







**Резултати:**

1. Јакнење на капацитетите на членовите на 2-те земјоделски здруженија- ЗПГЦВ "Хорти Еко", Струмица и ДМ Ленгуиџес преку интензивен сет од обуки за бизнис и финансиско планирање во земјоделството.
2. Зголемена свесност за предностите на асоцијативните активности и можности за партиципативен и здружен развој на фармерите. Преку здружување во земјоделски здруженија и задруги кои се еден од клучените услови за зголемување на конкурентноста, овозможување на повисока преговарачка моќ на фармерите, зголемување на квалитетот и комерцијализација на земјоделското производство во Северна Македонија.
3. Воспоставени ефективни механизми за приближување и подобрување на соработката помеѓу граѓанските организации и локалните власти.

Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.18
Јули 2019

**Име на проект:**

# Туристички Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион

**Организација:** Здружение за заштита на животната средина културно - историските знаменитости и човековото здравје ИЗВОР Кратово

**Партнер:** Здружение ЕКОКРАТЕР КРАТОВО - Кратово

**Општа цел:**

Подобрување на соработката помеѓу ГО со локалната власт, бизнис секторот и локалното население со цел поголема взаемна вклученост во процесите на руралниот развој во општините Кратово, Старо Нагоричане, Ранковце и Крива Паланка.

**Специфични цели:**

1. Зајакнување на капацитетите на ГО за финансиско управување во руралните средини;
2. Промовирање на националното и културното наследство во руралните подрачја на североисточниот регион;
3. Развој на бизнис секторот во сферата на руралниот туризам;
4. Креирање и спроведување на туристички понуди со цел зајакнување на влијанието на ГО во процесот на социоекономскиот раст во руралните средини;
5. Воспоставување одржлив механизам за градење партнерство помеѓу ГО, бизнис секторот и локалното население.







**Активности:**

1. Организирање јавен настан за информирање на јавноста за целите, содржината и придобивките од проектот;
2. Подготовка и организирање на две работилници на тема „Туристичките стандарди во руралната средина“;
3. Истражување и прибирање податоци потребни за подготовка на Туристичкиот Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион;
4. Подготовка на Туристичкиот Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион;
5. Организирање и реализација на завршен настан.

**Резултати:**

1. Информирани локални заинтересирани страни;
2. Подигната свест на локалното население за давање услуги во рамките на руралниот туризам;
3. Креиран и ставен во употреба Туристички Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион на македонски и англиски јазик.
4. Промовирани даватели на туристички услуги

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Име на проект:**

## Преку заеднички настап и застапување до успешен бизнис на земјоделци во Липково и Старо Нагоричане

**Организација:** Мултиетничко и невладино женско здружрние "Линда" Куманово

**Партнер:** Фондација за развој на мали и средни претпријатија Куманово

Општа цел: Придонес кон воспоставување практики за решавање на проблемите со кои се соочуваат земјоделците и локалното население во руралните Општини Липково и Старо Нагоричане

Специфична цел: Зголемување на нивото на заеднички настап на локалните граѓански организации во застапувањето и адресирањето на проблемите со кои се соочуваат земјоделците и локалното население во руралните Општини Липково и Старо Нагоричане

**Активности:**

- Организирање на Обука за организациски менаџмент и работа на здруженија;
- Организирање на Обука за подготовка на ЕУ проекти;
- Организирање на Обука за застапување и вмреажување;
- Редовни координативни средби;
- Организирање на 4 инфо сесии во 4 населени места на општинте Липково и Старо нагоричане;
- Организирање на две Обуки за иновации во заемјоделието и бизнисот;
- Селекција на 2 најдобри бизнис идеи од двете општини;
- Изработка на Бизнис Планови за најдобрите идеи;







- Формирање на 2 локални совети на граѓани (по еден во Липково и Старо Нагоричане) составени од локални здруженија и институции;
- Изработка на акциски план;
- Организарање на акции од локалните здруженија за разрешување на идентификуваните предизвици;
- Доставување иницијативи до единиците на локална самоуправа и до националните институции.

**Резултати:**

1. Зајакнати организациски капацитети и вештини за застапување и вмрежување на локални здруженија од Општина Липково и Старо Нагоричане;
2. Развиени претприемнички вештини на младите земјоделци и невработени млади мажи и жени во Општина Липково и Старо Нагоричане;
3. Поттикнато решавање на горливи локални приоритети во Општините Липково и Старо Нагоричане.

**Име на проектот:**

## Доживотно учење за Рурален развој





**Организација:** Здружение за унапредување и развој на образованието на возрасни Мрежа за доживотно учење Тетово

**Партнер:** Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ЛАГ Скардус, Јегуновце

**Општа цел на проектот:**

- Поттикнување на Рурален развој преку доживотно учење.
- Развој и поддршка на овозможувачка средина за рурален развој.
- Постигнување социјални промени во Северна Македонија, преку остварување на подобра соработка помеѓу Граѓанските организации, институции, бизнис сектор и самите граѓани.
- Зајакнување на меѓучовечките и меѓуетничките односи преку делување на повеќе нивоа за развој на заедницата и подобрување на квалитетот на живот.

**Специфична цел на проектот:**

- Зајакнување на капацитетите на засегнатите страни за подобрување на состојбата во руралните средини, преку нивно вклучување во процесот на креирање на политики.
- Зголемени знаења и вештини за искористување на мерки и програми за рурален развој.
- Преку вмрежувањето на различните чинители во заедницата ќе се разменат искуства и добри практики од областа и на тој начин ќе им се обезбеди потребното know-how за поттикнување рурален развој.

**Активности:**

1. Подготвителни активности
2. Истражување за ГО кои работаат во Полошкиот регион на рурален развој, нивното учество во процесот на локално одлучување и процеси на донесување на одлуки, нивната меѓусебна соработка и соработка со локални институции, бизнис сектор и локално население.
3. Обука за подобра соработка меѓу ГО, јавни институции, бизнис сектор и локално население за нивно зголемено влијание на процесот на локално одлучување во областа на рурален развој.
4. Обука за доживотно учење во контекст на рурален развој и иновативни начини за подобрување на земјоделското производство
5. Завршна конференција - знаења и искуства стекнати во рамките на проектот резултатите од истражувањето и можностите за вмрежување.

**Резултати:**

- Спроведено истражување кое ќе ја покаже моменталната состојба и предизвиците за рурален развој на подрачјето на општина Јегуновце и Теарце.
- Поедуцирани 30 лица - земјоделци, претставници од ГО, бизнис сектор и јавни институции за придобивките од зголемено искористување на програмите за рурален развој
- Вмрежени минимум 55 лица

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Име на проект:**

## Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница

**Организација:** Рурална Коалиција Куманово

**Партнер:** Здружение за развој, едукација и еколошка етика – ПОЛИМАТ 13

**Општа цел:** зголемување на дејствувањето на граѓанските организации како еднакви партнери во процесите на донесување на одлуки и креирање на политики во руралните средини

**Специфични цели:**

1. Зајакнување на капацитетот на граѓанските организации за активно вклучување во процесите на донесување одлуки и креирање на политики во општините Богданци и Кривогаштани;
2. Поттикнување на дијалог помеѓу граѓанските организации и локалните самоуправи во општините Богданци и Кривогаштани и воспоставување на процес на континуирана соработка.

**Активности:**

1. Утврдување на степенот на соработка помеѓу локалната самоуправа, месните заедници и граѓанските организации во општина Богданци и општина Кривогаштани;
2. Јакнење на капацитетите на граѓанските организации и локалната самоуправа преку едукација и размена на искуства и знаења;
3. Развој на механизам за соработка и вклучување на граѓанските организации во локалната демократија;
4. Организирање завршен настан за претставување на постигнатите резултати.

**Резултати:**

1. Граѓанските организации имаат подобро разбирање и зголемени познавања за своите права и одговорности за учество во креирањето на политики и носење одлуки на локално ниво;
2. Воспоставен механизам за соработка и одговорност помеѓу граѓанските организации и локалните самоуправи во Богданци и Кривогаштани во процесот на креирање политики и носење јавни одлуки.







**Име на проект:**

## ОРГАНСКА ФАРМА-Рурална кохезија за зголемен потенцијал на руралниот туризам и одржлив економскирурален развој

**Организација:** Здружение Креативен центар РУР-БАНКУЛТ-Струга

**Партнер:** Здружение на пчелари МАТИЦА 2012 Струга

**Општа цел:**

Зајакнување на соработката помеѓу граѓански организации со цел да се подобри дијалогот со засегнатите страни, чинителите на руралните заедници, локалната/националната власт и локалните бизниси, кои се вклучени во процесите на локален развој во руралните средини.

**Специфична цел:**

Проектот има за цел да даде поддршка на развојот на руралните средини во Струшко преку зајакнати капацитети на чинителите во земјоделството, пчеларството и руралниот туризам, за меѓусебно интегрирано дејствување во бизнис сферата.

**Главни активности:**

1. Формирање на движење за рурален развој;
2. Анализа на ситуација „ Прибирање и анализа на податоци релевантни за таргетираните места и таргетираните групи, валоризација на потенцијалните ресурси за органско производство и рурален туризам";
3. Организација на прва едукативна работилница органско производство на храна „Органска фарма";
4. Организација на саем на мед;
5. Организација на втора едукативна работилница;
6. Организација на саем на органска и традиционална храна;
7. Постпродукција на снимениот материјал од едукативните и промотивните настани и поставување на ВЕБ страната;

**Резултати:**

1. Стимулиран развој на руралните средини во Струшко преку зајакнати капацитети на чинителите во земјоделството, пчеларството и руралниот туризам, за меѓусебно интегрирано дејствување во бизнис сферата;
2. Едуцирани 30 земјоделци и пчелари за производство на органска здрава храна и подигната свест за развивање на можноста за дополнителна дејност во нивните стопанства - алтернативен туризам.
3. Едуцирани 30 стопанственици во руралниот туризам за проширување на својата туристичка понуда преку производство во своите домаќинства на органска храна и припрема на традиционални специјалитети од локална здрава храна.
4. Поврзани чинителите на руралните заедници за заеднички настап пред јавните, локалните и владините институции.
5. Промовиран руралниот алтернативен туризам, фармерскиот туризам и производството на органска здрава храна, преку промотивни саемски настани и преку рекламни документирани материјали поставени на ВЕБ страна на Рурална Струга.
6. Подигната свеста на младите луѓе за можностите кои ги нуди руралниот туризам.
7. Зголемена соработна на чинителите од рурална Струга.





**Име на проект:**

# Создавање иницијална листа со традиционални производи за одржливи рурални средини – СИЛОС

**Организација:** „Здружение за заштита промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола“ – Битола

**Партнери:**

Здружение за заштита и промоција на буковската пиперка Президиум Буково -Битола

Здружение за заштита промоција и едукација за храна Слоу Фуд Осогово

**Општа цел:** да се подобри делувањето на граѓанските организации во областите на застапување и лобирање во најмалку два плански региони, преку градење на нивните капацитети за размена на знаења и алатки, а во однос на потенцијалите и потребите за рурален развој на сопствениот регион

**Специфични цели:**

1. Да се обезбеди појдовна основа за поголема видливост на локалните традиционални производи, преку воведување на листа на традиционални производи со можност за натамошно доградување, а оттаму и во улога на платформа за меѓусебна интеракција и вклучување на различни претставници од различните региони.

2. Да се иницира зголемување на свесноста кај граѓански организации од двата региони за важноста на заедничките активности и комуницирањето со останати локални граѓански организации, институции и/или бизниси, преку спроведување на заедничка кампања и изразување заеднички ставови преку пишани документи.

**Активности:**

1. 1. Креирање на иницијална листа на традиционални производи;
   1.1. Собирање податоци за производите и дефинирање истражувачки тим;
   1.2 Обработка и анализа на податоците;
   1.3 Креирање на листа и нејзина дисеминација;
2. 2. Подигање на свеста преку спроведување на кампања и повик за вклучување;
   2.1. Изработување и спроведување кампања;
   2.2. Повик за проширување на листата на традиционални производи;
3. Реализација на средба и формирање документ со ставови.








**Резултати:**

1. Мапирани повеќе од 70 традиционални производи на територијата на Република Северна Македонија од кои 33 се наоѓаат на листата на светскиот он лајн каталог „Арка на Вкусови“ и изработени детални описи за најмногу 30 производи, како и описи и предлози за најмалку 50 производи
2. Граѓанските организации кои делуваат на поле на заштита на локалниот биодиверзитет и развој на руралните средини се препознати како релевантни чинители во процесот на застапување на интересите на производителите на традиционални производи од мал обем пред донесувачите на одлуки;
3. Капацитетите на локалните граѓански организации се изградени во поглед на спроведување на теренски истражувања и креирања на ставови за важноста на традиционалните производи неопходни за социо – економски развој на сопствените региони;
4. Националните институции, донесувачите на одлуки и останатите граѓански организации се свесни за значењето на иницијалната листа со традиционални производи и нивната улога во процесот на нејзино официјализирање.

**Име на проект:**

## УСЛУГА+ - Зајакнување на локалните рурални организации преку зголемување на нивните капацитети за испорака на наплатливи услуги кон членството

**Организација:** Центар за одржливост и напредна едукација

**Партнер:** Здружение за одржлив развој ПЕЛИСТЕР С.Ротино

**Општа цел:** Зајакнати локални рурални организации во финансиско работење и самофинансирање преку испорака на наплатливи услуги кон членството

**Специфични цели:**

1. Подобрување на капацитетите на локални рурални организации за финансиско организациско работење;
2. Јакнење на капацитетите на локалните рурални организации за испорака на квалитетни услуги кон своето членство;
3. Вмрежување на локалните рурални организации од Пелагонискиот регион и зајакнување на меѓусебната соработка преку споделување на најдобри практики во областа на испорака на квалитетни услуги кон членовите.

**Активности:**

1.1 Административна поддршка на организациите за пререгистрација и активирање во централен регистар;

1.2 Обука за финансиско организациско работење;

1.3 Креирање на водич за финансиско работење на организациите;

2.1 Анализа на потребите за услуги на членовите на локалните организации;

2.2 Обука за давање на квалитетни услуги кон своето членство;

2.3 Креирање на пакети на услуги наменети за членството;

2.4 Пилотирање на услуги кон членството;

3.1 Организирање на состаноци за вмрежување на локалните рурални организации од Пелагонискиот регион;

3.2 Работилници за демонстрација за споделување на најдобри практики.

**Резултати:**

1. Зајакнати капацитети на две локални рурални организации за финансиско организациско работење.



1.1 Најмалку две организации пререгистрирани и активирани;

1.2 Обучени најмалку 4 лица за финансиско организациско работење;

1.3 Дизајниран и публикуван водич за финансиско работење на локални рурални организации;

2. Зајакнати капацитети на локалните рурални организации за испорака на квалитетни услуги кон своето членство.

2.1 Изработена анализа за потребите за услуги на членовите на локалните организации;

2.2 Обучени најмалку 4 лица за давање на квалитетни услуги кон своето членство;

2.3 Дизајнирани пакети на услуги наменети за членството;

2.4 Најмалку 4 видови на пакети на услуги презентирани и испорачани на членовите на локалните рурални организации;

3. Вмрежување на локалните рурални организации од Пелагонискиот регион и зајакнување на меѓусебната соработка преку споделување на најдобри практики во областа на давање на квалитетни услуги кон членовите.

3.1 Организирани најмалку 5 состаноци за вмрежување на локалните рурални организации;

3.2 Организирани најмалку 2 работилници за демонстрација за споделување на најдобри практики.

# Компаративен пристап на приоритетите на македонскиот рурален развој и ЕУ

# Тесни програми а широки приоритети кај руралниот развој

Врз основа на резултатите од спроведените истражувања, изработената анализа за идентификување на главните приоритети и прашања кои се однесуваат за руралните заедници во Република Северна Македонија и тематските работилници кои се реализираа во рамките на проектот „Национален Рурален Парламент како глас на руралното население", преку компаративен пристап и анализа на националните документи за рурален развој, од страна на професор Софија Давидова од универзитетот во Кент, Обединето Кралство, беа изработени научени лекции кои се однесуваат на руралниот развој во земјава.

Според неа, граѓанските организации кои работат во полето на руралниот развој би можеле и треба да играат клучна улога во руралниот развој преку мобилизирање на руралните заедници за да работат заедно и да ги направат руралните области привлечни за луѓето да живеат и работат таму, при тоа обезбедувајќи средина за работни места, економски раст и одржливо користење на природниот капитал и воедно воспоставување на општествено инклузивно и колаборативно општество.

Горенаведеното, кажува таа, не е сон за руралните области, тоа е реалност, иако е многу комплексна долгорочна цел, која бара заеднички напори на сите засегнати страни - приватни и јавни - и доследност на развојните цели поставени на различни нивоа - национални, регионални и локален. Граѓанските организации се независен глас, кој може да придонесе за социјален дијалог како да се надминат предизвиците со кои се соочуваат руралните области во Република Северна Македонија; тие се "брокери" меѓу руралното население и јавните институции кои се занимаваат со развојот на руралните области.

Многу малку постои во националните и ЕУ програмите за земјоделство и рурален развој, кои одговараат на сложените приоритети на засегнатите страни. Додека програмите се ограничени на некои аспекти на руралниот развој, главните аспекти на земјоделството, приоритетите на луѓето ги опфаќаат сите аспекти на руралниот живот. Препознавајќи ги некои од недостатоците на столбот на Заедничката земјоделска политика (CAP) за рурален развој (Столб 2), ЕУ започна подобро да ги координира трошоците на Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD) со други структурни и инвестициски фондови, со цел помогне да се прошири пристапот кон социјалните прашања. И покрај ова, хоризонталните и преодните регулативи на CAP се однесуваат само на EAFRD.

Гледајќи ги првите три приоритетни области, наведени од страна на ГО и сумирани во извештајот напишан од Алксандра Мартиновска Стојчева, споредбата го покажува следново:

| Приоритет | Национална стратегија | ЕУ програма |
|---|---|---|
| Подобрување на можностите за вработување и самовработување за младото население | Постои дел за образование, но само во областа на земјоделството, производството на храна и биотехнологија; опфатот е поограничен во споредба со потребите | По дефиниција се фокусира на обука и преквалификација на земјоделците, но некои членки на ЕУ имаат одлучено да ја прошират обуката кон неземјоделски семејни бизниси |
| Развој на руралниот туризам | Во некои регионални програми | Поддршка на инвестиции; можни се и бесплатни локални советодавни канцеларии; важна маргина за мали инвестиции преку ЛЕАДЕР програмата |
| Олеснување на пристапот до извори на нови инвестиции | Да, различни мерки за поддршка | Да, финансиски инструменти за рурален развој; мошне комплексна процедура за искористување – покомплексна од грантовите, па честопати н се користат; ресурсите од Програмата за рурален развој се распределуваат кај финансиски инструменти за инвестирање во земјоделството и преработка на агри-фуд, по што следи развој на фармите и бизнисите, а потоа шумарството; и тука има потесен опфат во споредба со руралните потреби. Можно е да се користат финансиските инструменти во промоција на мали и средни претпријатија. |

Табелата покажува дека националните и програмите на ЕУ имаат релативно тесен опсег. Споредувајќи го ова со резултатите од истражувањето и кратките документи за политики, се појавува многу поширока слика за потребите и приоритетите.

Ова се препораките дадени од експертот Софија Давидова:

- Да се изработи национална стратегија која е помалку секторски ориентирана само кон земјоделството, туку и е насочена кон интегриран рурален развој,
- Создавање тело за координација (консултации) кое ги претставува сите министерства вклучени во руралниот развој. Традиционално, во ЕУ и во Северна Македонија надлежностите спаѓаат во Министерството за земјоделство или Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој. Многу малку од приоритетите што ги посочуваат ГО може да ги реши само Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Да се продолжи со подигање на свеста за проблемите со кои се соочуваат руралните жители.
- Поттикнување на континуиран ангажман на граѓанското општество во иницијативите од типот на LEADER, по пристапот од долу - нагоре, кои можат да дизајнираат и имплеметираат мали проекти за решавање на локалните проблеми,
- Мобилизирање на донаторски ресурси за поддршка на претприемништвото и иновациите за диверзификација на руралната економија. Дури и во регионите каде што земјоделството игра (и традиционално одигра) централна улога во економијата, засегнатите страни даваат јасна порака дека земјоделството е сектор во опаѓање.
- Обезбедување на современо модерно интерактивно и стручно образование кое може да ги подготви младите луѓе како идни претприемачи во руралните средини.
- Да се продолжи со обучување на ГО со цел да се изградат капацитети и да се зголеми нивната способност да се вклучат во креирањето на политиките и да лобираат за интересите на руралните заедници.
- Да се изготви програма за олеснување на пристапот до почетен капитал за МСП во руралните средини.
- Да се дискутира за прагматични решенија за сложените проблеми на младите во руралните средини неопходни за ублажување на руралната миграција, на пр. да се определи простор за рурални младински / културни клубови / сали, каде што би можеле да се одржат театарски претстави, музички свирки, часови по странски јазици, програми за унапредување на вештините; да се обезбедат мобилни библиотеки, да се поддржуваат локалните спортски натпревари.
- Да се стави акцент на подобрување на локалната физичка инфраструктура, особено патиштата и јавниот превоз, што може да помогне да се ослободи притисокот за креирањето работни места во руралните средини.
- Нови технологии за ублажување на ефектите од климатските промени- кои ги дефинираат активностите и ќе претставуваат пречка за идниот развој и благосостојба на населението.

# ЗГ ЦеПроСАРД во заштита на биодиверзитетот преку Проектот за подобро управување со природните ресурси во националниот парк „Пелистер“

ЦеПроСАРД продолжи со активностите за мониторинг на крупните месојади во Националниот парк Пелистер, а беше направена и ревизија на локациите на кои се поставени фото замките врз основа на досегашните резултати, а со цел уште повеќе да се придонесе кон квалитетот на податоците кои се добиваат од терен. Во рамки на овој проект, исто така се изработи и Студија за еко системски услуги од водите во НП Пелистер, а во моментот се во тек подготовки за отпочнување на активности за расчистување и обележување на две велосипедски патеки на територијата на Паркот.

Овој проект е дел од Програмата за подобување на управувањето со заштитените подрачја, финансирана од Европската унија, а ја спроведува УНДП со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Линк до веб страница: https://www.facebook.com/nppmk/posts/1102046673327223





# Проект Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ - Билдлаг проект

Во периодот од март до јуни оваа година, тимот на проектот БИЛДЛАГ работеше на регистрирање на новоформираниот ЛАГ во Полошкиот регион и Изработка на Стратегија и Акционен план.

На почетокот на месец март, проектиниот тим организираше консултативна средба со директорот на Центарот за развој на полошкиот плански регион г-дин Фатмир Саити, на која на кој беше направен пресек на активностите поврзани со регистрирањето и формирањето на новиот ЛАГ во Полошкиот регион помеѓу општините Тетово, Желино и општина Брвеница. Во текот на идните месеци, април и мај, беше креирана Стратегијата за новоформираниот ЛАГ Полог - ЛИДЕР и Акционен план од страна на ангажирани експерти, од каде се одбра една активност која беше спроведена до завршувањето на проектот БИЛДЛАГ, со цел да помогне кон започнување на работењето и функционирањето на ЛАГ-от. На почеток на месец мај беше одржана работилница со цел презентација на изработената стратегија во просториите на Центарот за развој на полошкиот плански регион каде учествуваа членовите на основачкото собрание на ЛАГ-от, како и претставници од таргетираните ентитети од регионот.






Овој проект е финансиран од Европската Унија.

Линк до веб страница:

http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=445 http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=471

# Развој на рурален туризам FRET-STIC

Во рамки на проектот „Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички центри (FRET-STIC)“, во изминатиот период се интензивираа активностите поврзани со воспоставувањето на објектите на туристички информативни центри (STIC-ови). Во таа насока започна нивната изградба во Македонија и во Косово и се очекува во текот на летните месеци да бидат постават на определените атрактивни локации во Тетово и Призрен. Ангажирана е софтверска компанија за да развие интерактивна платформа, која од пребарувањата на туристите ќе прибира и анализира податоци за нивните преференции и ќе возможува овозможи подобрувања и надградби. Исто така со оваа платформа ќе се направи и вмрежување на новите и постојните туристички информативни центри во регионот на Шара.

Проектниот тим исто така продолжува со редовните консултативни средби со чинителите од регионот. Втората консултативна средба беше организирана на 19-20 март 2019 во Превала (Косово), заедно со Вториот состанок на Насочувачкиот комитет на проектот. На средбата присуствуваа повеќе од 30 учесници чиј придонес има големо значење за текот на понатамошното спроведување на проектот.

Овој проект со времетраење од 24 месеци ЦеПроСАРД го спроведува во соработка со Општина Тетово и RDA South од Косово, со финансиска поддршка од Европската Унија преку програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Косово.











# 30 зимзелени дрвца на Денот на екологијата 25 март за Општина Бутел

На одбележувањето на Денот на екологијата, во Општина Бутел ЗГ ЦеПроСАРД на учесниците на настанот им подари зимзелени дрвца.

Првото дрвце ЗГ ЦеПроСАРД го подари на градоначалникот на општина Бутел г-дин Велимир Смилевски. Дрвцата беа насадени во дворот на општината, училишните дворови и домовите на учениците од општина Бутел.

Линк до веб страница:

https://24info.mk/%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b5%d0%ba%d0%be%d0%bb%d0%be%d0%b3%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d1%82%d0%b5/

# Донирај за безбеден дом и безбедна околина

Преку проектот „Донирај за безбеден дом и безбедна околина", здружението на граѓани ЕКОВИТА имаше за цел да ги едуцира граѓаните како да се заштитат од електромагнетно зрачење. Овој проект беше поддржан преку проектот „Промени за одржливост» финансиран од ЕУ а спроведуван од „Конект", фондацијата „Аполонија» и Центарот за даночна политика.

Во рамки на проектот беше спроведена таканаречена ЕКОПАТРОЛА, како и донаторска акција преку која беа обезбедени финансиски средства за набавка на 4 инструменти за мерење на електромагнетното зрачење.

Со своите софистицирани апарати, ЕКОВИТА врши спектрална анализа, односно ја одредува фрекфенцијата и јачината на електромагнетното зрачење во домот на своите клиенти, кое доаѓа од електрични уреди, рутери, лаптоп, мобилни телефони, предаватели итн. Покрај тоа што ЕКОВИТА укажува за изложеноста на зрачењето, воедно дава совети како безбедно да се користат апаратите.

## Внимателно со лаптопот

Екопатролата измери зголемени вредности на Магнетен флукс над 20 микротесли на 50 Hz фрекфенција кај лаптопот, заради што е потенцирано е да се применува безбедна одалеченост на лаптопот од телото и да се внимава посебно кај најмладите, бидејќи електромагнетното зрачење во оваа позиција е штетно за репродуктивните органи кај машките и женските.

Проектниот тим на Ековита смета дека една од причините за зголемениот процент на проблеми со стерелитетот кај младите брачни парови е погрешниот начин на користењето на лаптопот.





**Погрешно држење на лаптопот во крило, честа слика кај најмладите**

Препорака за користење на лаптопот е примена на масичка или перница над 10 см со тоа се намалува електромагнетното зрачење во безбедни вредности



**Правилно држење на лаптопот во крило**

Препораки од ЕКОВИТА за намалување на загаденоста од **Електромагнетното нејонизирачко зрачење** е една од најважните работи што можете да ги направите во вашиот дом, за да го подобрите здравјето на вашето семејство.

- **Безбедно користите го рутерот:**
  - рутерот исклучите го во текот на ноќта
  - Лаптопот и другите безжичени уреди – поврзете ги со мрежен кабел на рутерот, не ја користете опцијата Wi-Fi
  - Не ја споделувајте и често менувајте ја лозинката на рутерот, ќе се заштитете Вие и Вашите соседи од прекумерно електромагнетно зрачење.
- **Безбедно користите го вашиот паметен телефон:**
  - Не носете мобилен телефон во вашиот џеб, освен ако не е на «Авионски» режим.
  - Не го ставајте мобилниот телефон во близина на вашето уво, користете го звучникот или слушалка.
  - Не користете го телефонот додека сте во автомобил, лифт или подрум - нивото на радијација се зголемува.
  - Не користете го телефонот додека сте во планина каде има многу слаб сигнал - нивото на радијација се зголемува. Ако мора да користите мобилен телефон, направете го тоа првенствено за текстуални пораки и итни случаи.
- **Користете го вашиот лаптоп компјутер мудро:**
  - Најдобро е да користите лаптоп кој е на енергија од батеријата (без полнење / вклучено).
  - Користете жична надворешна тастатура и глувче за да ја намалите изложувањето на EMF на вашето тело.
  - Никогаш не ставајте лаптоп во скутот / телото. Можете да користите перничка помеѓу лаптопот и вашето тело.
  - Користете мрежен кабел за интернет (наместо за Wi-Fi). Никогаш не пренесувајте видео или музика користејќи Wi-Fi.



- **Користете го вашиот смарт телевизор мудро:**
  - Користете исклучиво мрежен кабел за интернет (наместо за Wi-Fi). користејќи Wi-Fi - нивото на радијација се зголемува кај рутерот и на телевизорот.
  - Креирај светилиште за спиење - Еден од најкорисните чекори што може да ги преземете е да се намали изложеноста на ЕМС додека спиете:
  - Исклучете сè што е во вашата спална соба во текот на ноќта.
  - Чувајте ги мобилните телефони, и друга електроника надвор од вашата спална соба. Користете едноставен аларм со батерија.
  - Креветот да биде одалечен барем 20 см од штекерите или прекинувачите.

# Изграден информативен центар за локалитеот Куклица



Како дел од националната мрежа на заштитени подрачја во Североисточниот регион на општина Кратово се наоѓа локалиетот Куклица, еден од најрепрезентативните геоморфолошки објекти на природата во Република Македонија. Локалитетот претставува редок природен комплекс со зачувани гео - форми и е своевиден геоморфолошки споменик на природата со исклучително научно, образовно, туристичко и културно значење.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ бр.67/2004, 14/2006 и 84/2007) локалитетот Куклица е прогласен во 2007 година за заштитено подрачје од III категорија – споменик на природата.

Иако локалитетот Куклица се прогласи за заштитено подрачје од страна на највисокиот орган на власта во Република Македонија, сепак, во локалитетот треба да се заштити природата и природните вредности, да се подобрат капацитетите за одржливо управување и промовирање на заштитеното подрачје на професионален и одржлив начин.

Здружението за заштита на животната средина културно - историските знаменитости и човековото здравје „ИЗВОР" Кратово управува со локалитетот Куклица врз основа на склучен Договор со локалната самоуправа на општина Кратово.

Во рамките на проектот **"Подобрување на управувањето со заштитените подрачја"** финансиреан од Европската Унија а спроведуван од УНДП во соработка со МЖСПП, здружението „ИЗВОР" реализираше активности фокусирани на инфраструктурното и партерно уредување, истражување на состојбата на геодиверзитетот и социоекономската компонента, подигање на свеста на локалното население преку одржување на работилници за усогласување на ЕУ стандардите во сферата на руралниот туризам.

Со реализација на овој проект се придонесе кон исполнување на одредбите согласно Законот за прогласување на локалитетот Куклица за споменик на природата, кои се однесуваат на потребата од спроведување на активности и прашања од интерес за заштита на природните вредности кои се од национално и меѓународно значење како и одржливо управување на ова заштитено подрачје.

Покрај останатите реализирани активности во овој проект е изграден објект Информативно-едукативен центар.

На ден 08.06.2019 година Информативниот центар беше официјално отворен од страна на Амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија г-дин Самуел Жбогар и Постојаниот претставник на Програмата на Обединетите нации (УНДП) Нарине Сахакјан во присуство на градоначалникот на општина Кратово д-р Љупчо Бојаџиев, претставници на УНДП, Министерството за животна средина, локални институции и медиуми.

Новиот Информативен центар е дизајниран и изграден согласно стандардите на Европската Унија во склад со главните карактеристики на локалитетот Куклица и ќе придонесе за развој и промоција на туризмот како и можности за вработувања.

Објектот вклучува галерија со информации за спомеников на природата Куклица, пункт за продажба на сувенири и промотивни материјали како и просторија за одржување на научни и други јавни настани.







# Активности и достигнувања на Регионалниот центар за застапување – Делчево

1. Регионалниот центар за застапување ја доби наградата за најдоброто од невладиниот сектор за 2018 година во Источна Македонија како признание за сите досегашни реализирани проекти вклучувајќи ги и неколкуте од минатата година. Наградите ги доделува Активот на Здружението на новинарите од источниот регион во рамките на традиционалната манифестација „Најдоброто од Истокот“. Свеченоста се одржа во април во амфитеатарот на Меѓународниот Славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ во Свети Николе, а наградени беа 16 личности, фирми и невладини организации, кои во изминатата 2018 година оставија белег во развојот и го промовираа источниот регион.
2. Претставник на РЦЗ во јануари беше на студиска посета на невладини организации и институции во Германија со цел запознавање со нивното функционирање и искуства како дел од Европската Унија. Посетата на седум организации во вкупно три различни градови во Германија беше дел од програмата на мали грантови „Активирај“ на Преда Плус преку кои РЦЗ успешно го спроведе проектот на донесување Стратегија за соработка на Општина Делчево со невладиниот сектор.







3. Претставници на РЦЗ во мај беа дел од деветчлениот тим од Македонија кои зедоа учество на Лидер Фест 2019, Жатец, Република Чешка. Целта на настанот беше промоција на ЛЕАДЕР мерката во регионот преку активности и мерки кои се дел од ЛАГ (членовите на РЦЗ се членови и на Локалната Акциска Група Малеш- Пијанец) и ЛЕАДЕР во Европската Унија што е клучен пристап за организирање и развој на руралните средини во земјите членки на ЕУ, вклучително и кандидатите за членство. Воедно РЦЗ го организираше првиот Лидер Фест во Македонија во 2015 година кој се одржа во Делчево.

4. Во тековниот период РЦЗ спроведува регионален проект од областа на Безбедност и здравје при работа насловен како „ Едукативен центар за безбедности здравје при работа во Источен плански регион“ со кој се спроведени три работилници за самопроценка, финансиско работење и управување со човечки ресурси за своите членки-основачи. Целта на проектот е во наредниот период да се формира мрежа на граѓански организации кои дел од својата работа ќе ја насочат кон промовирања и залагања во областа безбедност и здравје при работа што ќе биде регулирано со меморандум за воспоставување мрежа и акциски план врз основа на кој ќе се одвива работењето на мрежата. И завршната фаза од проектот ќе се одвива паралелно  со првите две и ќе се однесува на формирање центар за БЗР за источен плански регион кој на едно место ќе ги координира сите заинтересирани страни кои директно или индиректно се вклучени во активности за безбедност и здравје при работа во источниот регион од Македонија.





# Успешна имплементација и продолжување на проектот Природата Предупредува #budniliste

Проектот:„Природата предупредува – активности на заедницата за заштита на биодиверзитетот" што го спроведува здружението - Меѓународен центар за уметност и одржлив развој АРТ ПОИНТ – ГУМНО, од септември 2018-та со поддршка од фондот за клима при Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, а во соработка и координација со општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец, Демир Хисар, официјално заврши на 22-ри април.

На Денот на планетата Земја, во Домот на културата „ИЛИНДЕН" во Демир Хисар, над 220 дечиња ја следеа премиерната изведба на претставата: „ПРИРОДА или ОТПАД". Според текстот од едукативната боенка издадена во рамките на проектот, сценариото го подготви младата македонска актерка со интернационална репутација - Наташа Петровиќ, којашто воедно ја играше улогата на птицата Сојка. Освен неа, во претставата учествуваа и Ненад Митевски (детето Стефан) и Бојан Кирковски (чичко Црвчо). Дизајнот и костимографијата се на Воскресија Андреевска од „Арт Поинт - Гумно". Костимите се направени од рециклирани материјали!

Имплементаторите, но и донаторите се повеќе од задоволни од постигнатите резултати во текот на имплементацијата на овој проект: успешно е сензибилизирана целата заедница за прашањата за заштита на животната средина и проблемот со отпадот; воспоставен е функционален систем за селектирање, собирање и рециклирање на ПЕТ амбалажа; обезбедени се контејнери за селекција на отпад од стакло; на повеќе од 10 локации успешно се применува компостирање на органски отпад; најмладите ги знаат бенефитите од производството во сопствени градини и употребата на компост и автохтони семиња...; зајакната е соработката и вмрежувањето со други НВО организации –Институт за комуникациски студии, Слоу Фуд Водно, Еко Свест, Небо и др.






**1. Реализирана е првата голема акција за чистење на реките во Демир Хисар**



Во очекување на поддршка за втората фаза од проектот „Природата предупредува", здружението - Меѓународен центар за уметност и одржлив развој АРТ ПОИНТ - ГУМНО продолжува со иницијативи за заштита на животната средина и јакнење на свеста на локалното население. На 29-ти јуни, во соработка со Институтот за комуникациски студии, како дел од кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!", беше организирано чистење на реките во с. Слоештица. Акцијата ја поддржаа и општината и јавното комунално претпријатие од Демир Хисар како и голем број на волонтери од селото, поединци и претставници на НВО секторот од Демир Хисар, Скопје и од други места, меѓу кои и претставници на граѓанската иницијатива „Не биди ѓубре" од Битола („Чистиме со класнето"). За неполни 3 часа, од коритото на Бела Река беа собрани повеќе од 3 тони отпад.



**2. Поставени се инфо-таблите од проектот „Вечната куќа на Петре М. Андреевски"**

Проектот е поддржан од Општина Демир Хисар, годинава здружението - Меѓународен центар за уметност и одржлив развој АРТ ПОИНТ - ГУМНО ќе продолжи со инфраструктурно уредување на просторот околу гробот на Петре М. Андреевски.

# Здружение на производители на органска храна

# Кавадарци

Од 21 јануари 2019 год. ЗПОХ „Биовита" започна со имплементација на проектот „Инкубатор за органско пчеларство - ВИТАЧ" кој се спроведува во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD), која е финансирана од Европската Унија (ЕУ), а се спроведува од Програмата за развој на Обединети нации (УНДП).

Општа цел на проектот е спречување на иселувањето и заживување на руралните села со зголемување на бројот на жени и млади лица кои основале нови пчеларници во руралните населени места, а специфични цели на проектот се искреирана можност за економско јакнење на младите и жените, кои потекнуваат од руралните средини преку органско пчеларење и подигнување на јавната свест за заштита на животната средина и едукација на земјоделците за органско производство.

Обезбедена е можност за континуирана едукација за органско пчеларење во инкубаторот „ВИТАЧ"и обучени нови 11 лица (пчеларки/пчелари) со добиен сертификат за обука за органско пчеларење.





Во периодот март-април ЗПОХ „Биовита" во соработка со кинолошкиот клуб „Македонско овчарско куче – Караман" на 4 семејни земјоделски стопантва од општина Кавадарци им достави по едно куче од расата Карамани од леглата на МОК „Караман" . Од нив една е органска овчарска фарма, втората е земјодлеска органска фарма, на која што се одгледуваат автохтони раси животни и автохтони сорти растенија, третата и четвртата фарма се овчарски фарми во процес на сетрификација / конверзија од конвенционално во органско овчарско производство.



Во месец мај ЗПОХ „Биовита" ја реазлизираше посетата на „Мал Групен дом за деца во социјален ризик" од Кавадарци, со цел да се започне меѓусебна соработка, по што следуваше потпишување на Меморандум за соработка помеѓу здружението и Јавната Установа - Меѓуопштински центар за Социјална работа – Кавадарци. На ваков начин им се овозможи на штитениците на „Мал Групен дом" да реализираат активности во природа преку посета на семејни земјоделски стопанства кои се занимаваат со органско производство. Истовремено се добива можност и услови едукативно да се надградуваат овие деца.

Во месец јуни, ЗПОХ „Биовита" со Здружението на писатели „Тиквешки цветови" од Кавадарци, реализираа волонтерска активност „Попладне со билките" во атарот на с. Гарниково.





Истиот месец беше организиран прввиот рурален Poetry Slam, на висорамнината Витачево – Кавадарци на мала парецела со органска лаванда насад. Овој настан волонтерски го организираа: ЗПОХ „Биовита", ЗГ „Театарска работилница" – Прилеп, Здружение за алтернативна култура "Алтер Центар" – Кавадарци, Јавна Установа Дом на култура "Иван Мазов - Климе" – Кавадарци, а на иницијатива на Poetry Slam Macedonia.



# “Златен Грозд” во Мелник, Р Бугарија



Во организација на Здружението „Хорти Еко“, Струмица а на покана на земјоделски организации и здруженија од Бугарија, фармери од струмичкиот регион, на 9 февруари 2019 година, учествуваа на осмата по ред манифестација “Златен Грозд” во Мелник, Р. Бугарија. На оваа популарна винска дестинација во Бугарија домаќините им понудија на своите гости да вкусат убаво црвено вино произведено од најдобрите винарии од регионот. Присутните на манифестацијата имаа можност да дегустираат вина од домашни сорти - правени по рецепти кои се користат стотици години, како што е познатото Мелничко вино кое се прави од сортата “широка Мелничка лоза”. Фестивалот “ Златен грозд “ во Мелник стана вистинска престолнина на убавото вино. Празникот го заживеа гратчето во кое пристигнаа стотици гости од земјата и странство, желни да пробаат од црвениот еликсир и да уживаат во магијата на песочните пирамиди. Целта на овој фестивал е афирмацијата на виното како национален производ и развојот на регионот како дестинација за вински туризам како и промоција на традицијата и заживување и унапредување на руралниот живот, преку негување на подзаборавените традиционални обичаи.

Во склоп на посетата на манифестацијата Златен Грозд во Мелник фармерите имаа можност да се запознаат со процесот на производство на високо квалитено вино правено по највисоки европски стандарди и практики како и да дегустираат различни високо сортни вина во Винарската Визба “Вила Мелник”. Станува збор за семејна модерна винарија во близина на Мелник, производител на вина од локални и странски сорти со значителен карактер на мелење. Винаријата поседува 300 декари на сопствени лозови насади со годишен преработен капацитет од околу 250 тони грозје. Изградена на три нивоа, а процесот на винификација е организиран така што протокот на виното се движи низ трите нивоа на винаријата преку силата на гравитација. Покрај тоа што е заштеда на енергија, овој уникатен метод е исто така исклучително нежен за грозјето и виното за истите да ја зачувуваат што е можно повеќе својата природна структура. Винаријата е опремена со високотехнолошка опрема од водечки бугарски и странски компании. Созревањето на најквалитетното вино се одвива во тунелите ископани во ридовите, со што се обезбедува природна температура и влажност.

## Меѓународен саем во Солун

Група од 55 фармери во организација на здружението „Хорти Еко“ од Струмица, на 2 февруари 2019 год. присуствуваа на Меѓународен саем во Солун, Грција., каде имаа имаа можност да се запознаат со новите технологии, а беа презентирани и најновите светски достигнувања.Целта на саемската посета беше да се разменат искуства и идеи, да се види практичната примена на новите техники и технологии во аграрот како и нивно поттикнување и примена кај нас, остварување на бизнис средби, реплицирање на иновативни начини на производство.

На ваков начин се поттикнува заедничкото планирање и донесување на одлуки за примена на напреднати технологии се со една цел намалување на трошоците на производство и зголемување на рентабилноста на македонските фармери.







## Меѓународниот земјоделски саем АГРА 2019 во Пловдив, Р.Бугарија.

Група фармери, повторно со поддршка на здружението „Хорти Еко“ го посетија Меѓународниот земјоделски саем АГРА 2019 во Пловдив, Р.Бугарија. Во рамки на саемот кој се одржа по 28-ми пат, беа презентирани најновите светски достигнувања во делот на механизација, опрема и репроматеријали. Во склоп на саемот веќе 7-ма година по ред, фармерите имаа можност да го посетат и саемот за органско производство БИО АГРА 2019.

Паралелно со Агра 2019 се одржа и Меѓународен саем за лозарство и винарство “ВИНАРИА”, Меѓународен саем за храна, пијалоци, пакување, машини и технологии, “ФУДТЕХ”, Саем за високо квалитетна италијанска храна и вино и “Вкусовите на Италија”.



## Меѓународниот саем за овошје и зеленчук ФРЕСКОН 2019 во Солун, Р. Грција




Меѓународниот саем за овошје и зеленчук ФРЕСКОН е уште еден саем кој имаа можност да го посетат сите заинтересирани чинители, со помош на здружението Хорти Еко. ФРЕКСОН претставува најголема саемска манифестација за овошје и зеленчук која се одржува на Балканот и Југоисточна Европа. Манифестацијата беше организирана по петти пат и беше централна точка на секторот, служејќи како место за средби за производители, меѓународни групи за малопродажба, како и домашни и меѓународни транспортери на свежо овошје и зеленчук. Во исто време, на изложбата беа домаќини и меѓународни изложувачи кои се активни во секторот и претставуваат најсовремени фокусни точки на пазарот за свежо овошје и зеленчук, логистика, машини и материјали за пакување и сл.

## Со младинска зелена акција до поздрава животна средина!





„Со младинска зелена акција до поздрава животна средина!“ е мотото на акцијата што ја спроведоа средношколците од средното училиште „Димитар Влахов” од Струмица од земјоделската струка, во соработка со здружението „Хорти Еко”.

Зелената акција се состоеше во садење зимзелени и листопадни дрвца во училишниот и ученичкиот дом. Целта на акцијата беше озеленување и оплеменување на јавните површини, но и испраќање порака до своите соученици и млади за унапредување на животната средина.

Беа засадени вкупно 36 дрвца. Намерата на средношколците е да ги поттикнат сите чинители во општината кон реплицирање и имплементирање на идејата со цел воспоставување долгорочна кампања за прочистување на дишните патишта и на крвотокот на општината

Акцијата во СОУ Димитар Влахов беше реализирана како дел од проектот „Младите од руралните средини за итнеграција на Македонија во ЕУ“ којшто е спроведуван од страна на ЦНВП и Мрежата за рурален развој на Република Македонија.

# Рурална Коалиција

На 28 јануари 2019 год. Рурална Коалиција го заврши проектот под назив: **"Родовата перспектива и локалните граѓански организации вклучени во локалните политики за земјоделство и рурален развој".** Резултатите од проектот беа презентирани на завршниот настан организиран во селото Пчиња, Куманово каде што учесници на настанот од Тетово и Куманово (двата региони каде што се реализираше проектот) беа сведоци на следниве достигнувања:

- Одржани 3 обуки со претставници на локалните граѓански организации од Полошкиот и Североисточниот регион кои што треба да ја зајакнат финансиската одржливост на граѓанските организации на локално ниво, да го овозможат практичниот мониторинг на процесите на креирање и имплементација на јавните политики и одлуки кои што ги носат локалните самоуправи, како и да го запазат концептот на родово-одговорно буџетирање;
- Формирани две локални активни платформи во секој од регионите составени од сите локални чинители во рамките на една општина (граѓански организации, бизнис сектор, јавни институции итн.) кои што имаат за цел активно да ги мониторираат јавните политики и да реагираат секаде каде што постои простор за тоа, но и да преземаат активности за вметнување на родовите аспекти во секоја локална политика и активност;
- Спроведена информативна кампања за актуелниот ИПАРД 2 повик, а се со цел што поголем број апликации и негова искористеност на локално ниво особено од стрна на жените и младите.

Проектот беше финансиски поддржан од Фондацијата Отворено Општество – Македонија.

Подоцна, во февруари, здружението Рурална Коалиција го финализираше проектот „Локалната заедница и општината заеднички ја креираат стратегијата за локален економски развој", при што во општина Старо Нагоричане се презентираше финалната верзија на стратегијата за локален економски развој на општината која што заеднички ја работеа општината, локалното население, засегнатите локални чинители и Рурална Коалиција. Ваквиот инклузивен








процес со присуството на самата градоначалничка, г-ѓа Жаклина Јовановска, во сите фази од процесот, докажа дека вклучувањето и директната соработка на сите локални чинители е клучна при изработката, но и имплементацијата на квалитетни стратешки документи од интерес за заедницата. Проектот беше суб-грантиран во рамките на проектот "Граѓанските организации во служба на локалната демократија", спроведен од АЛДА Скопје, Европско движење Македонија и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија со финансиска поддршка на Европската унија преку ИПА 2 инструментот.

На 5 март, Рурална Коалиција ја одржа годишната седница на Собранието на здружението. Организацијата на ова собрание беше финансиски поддржана од МЦМС во рамките на програмата на Цивика Мобилитас. Годишната седница на Собранието воедно беше и изборна седница, при што делегатите на Собранието избраа претставници на управните и надзорните тела кои што во наредните 2 години ќе настојуваат да го унапредат работењето на организацијата. Исто така на Собранието беа усвоени и претходно изработените документи за организација и работа на внатрешната структура на Коалицијата, а се прогласија и трите најуспешни жени земјоделки, членки на Коалицијата за 2018 година:

- Живка Ѓурчиновска, жена фармер која доаѓа од Гостиварското село, Тумчевиште и многу вложува во диверзификацијата на земјоделското производство и е жена претприемач која што служи како пример во селото и регионот.
- Весна Јаневска, вистински мајстор за традиционални специјалитети, претставува позитивен пример во цел Росоман, но и пошироко, членка е на групацијата Slow food, неуморна производителка и пропагатор на традиционалното производство е надалеку позната по производството на единствените "речели" кои што сака да ги брендира како локално заштитено производство. Им помага на блиските, соседите, соселаните во одржувањето на земјоделското производство, а секогаш може да ја најдете на препознатливиот пазар во Росоман.
- Валентина Трпеска, земјоделка од селото Славеј, Кривогаштани, една од првите жени корисници на средства од ИПАРД програмата, работи рамо до рамо до останатите членови на семејство, а таа самата е носител на семејното земјоделско стопанство. Вложува во сопствениот раст и развој, едукација на сопствените деца, отворена за примена на иновативни технологии и алатки во земјоделското производство. Претежно одгледува тутун и жито.





Рурална Коалиција во партнерска соработка со Националниот Совет за родова рамноправност и со Здружението за локален и рурален развој на завршна конференција го затвори проектот **"Вклучување на родовата перспектива во главните политики на земјоделството и руралниот развој"**, кој е финансиран од Европската Унија. По спроведеното истражување и изработената анализа која е достапна на три јазици (македонски, англиски, албански) http://rural.mk/cornerstone-draft-5/ беа донесени некои главни заклучоци или насоки за понатамошно делување во сектороткои беа насочени кон:



- регулирање на делот на породилно отсуство за жените регистрирани како индивиуални земјоделци;
- креирање на долгорочни мерки и програми за јакнење на родовата рамноправност преку можности за јавно учество на жените од руралните средини во процесите на креирање на политиките и одлуките, но и на нивно спроведување на терен;
- поттикнување на институционалната про-активност како на национално, така и на локално ниво во делот на вклучување на родовата компонента, но и родовата сензитивност при креирањето на локалните и национални политики;
- да се овозможи континуирана дистрибуција на информациите поврзани со економската и социјална инклузија на жените од руралните средини;
- да се овозможи меѓусекторска и меѓуинституционална координација и соработка помеѓу засегнатите страни (институции, општини, агенции, жени земјоделки, други НВО поврзани со прашањата кои ја тагираат оваа категорија на граѓани) итн.
- и понатаму да се вложува во инфраструктурата во руралните средини како и да се зголеми опфатот на услуги достапни до жените во руралните средини.

# Гласот на младите од руралните области во Северна Македонија

На 29 мај 2019 година во Скопје, Проектот „Младите од руралните средини за интеграција на Северна Македонија во ЕУ“, финансиран од ЕУ, а спроведуван од Фондацијата ЦНВП и Мрежата за рурален развој на Република Македонија, го организираа завршниот настан на кој присуствуваа млади кои земаа учество во обуката за обучувачи во рамките на проектот, сите организации што имаа некаква улога во спроведувањето на проектот, средношколски наставници, младински организации и претставници од општините и јавните организации. Спроведените проектни активности и поуките беа претставени на настанот заедно со сублимат на препораките кои ги дадоа младите од Источниот и Југо-источниот регион, каде што се одвиваа проктните активности. Посебно внимание му беше посветено на Прирачникот за младински активизам чиј што автор е експертот за млади Антонио Даниловски. Овој прирачник е производ од проектот и служи како водич да им помогне на олеснувачите, обучувачите и експертите кои работат на младински активизам, да ги дистрибуираат и спроведат програмите за млади кои се заинтересирани да ги изменат нештата во својата општина, град и земја. Настанот беше збогатен со претставници од проектните партнери од мрежите за рурален развој на Србија и Хрватска, кои дадоа позитивни примери за спроведените проекти за млади и акции за младински активизам. Претставникот на Младинскиот клуб од Штип и проектниот партнер Драгана Мирковиќ, ја елаборираа одржливоста на проектот преку платформата што се создаде преку потпишувањето на декларацијата за соработка на организациите од Источниот и Југо-источниот регион. Потоа следеше дискусија за насочување на младите и за тоа колку е важно да се биде упорен при застапувањето на нивните интереси. На крајот, проектниот раководител Сашо Петровски им додели признаници за учество и несебичен придонес во спроведувањето на проектот на организациите ЦЕЛОР од Радовиш, Младинскиот клуб од Штип, Хорти Еко од Струмица, Националната агенција за мобилност и образование, како и на најмладиот





активист и учесник во проектот Слободанчо Ѓоргиев од Виница. Настанот го модерираше Билјана Василевска - Трајковска, претставник на Националниот младински совет на Македонија.

Инфо-графикон од резултатите на проектот

Изработен е краток инфо-графикон со основни податоци за текот на проектот, остварените резултати од активностите, поуките и резимираните препораки. Повеќе информации можете да најдете на:

http://ruralnet.mk/wp-content/uploads/2019/05/Infografik.pdf

# Учество на Балканската мрежа за рурален развој (БМРР) на конференцијата „networX – Инспирација за рурална Европа

## 11-12 април 2019 – Брисел, Белгија

На 11/04/2019 и 12/04/2019, во Брисел беше организиран досега најголемиот собир на европската заедница на рурални мрежи. Под насловот „networX – Инспирација за рурална Европа, целта на конференцијата беше да ги препознае вредностите на вмрежување за рурален развој, да ги прикаже резултатите од минатите десет години од руралното вмрежување и проактивно да дискутира за својата иднина. Интерактивниот формат обезбеди голем простор и време за неформални дискусии, стимулирање разговори и размена на искуства, потврдувајќи ја вредноста на човечките врски во дигиталниот свет. Преку 400 рурални чинители ширум Европа се собраа за да дискутираат за следните теми:

- Улогата на вмрежувањето за руралната политика
- Како да се изгради/трансформира мрежа
- Вмрежување за иновација во земјоделството и руралните области
- ЛЕАДЕР/ЦЛЛД вмрежување
- вмрежување за евалуација
- промовирање ефикасен ангажман на чинителите во мрежите

Мрежите за рурален развој на земјите од Западен Балкан, на овој настан организиран од страна на Контакт точката на Европската мрежа за рурален развој , учествуваа како дел од Балканската мрежа за рурален развој (Албанија, Северна Македонија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина и Косово). Мрежите од Албанија, Северна Македонија, Црна Гора и Србија како земји корисннички на ИПАРД, имаа можност да ја претставаат својата работа како изложувачи на  штандови,  додека мрежите на Косово и на Босна и Херцеговина учествуваа како посетители. Освен индивидуалните активности на ИПАРД, во текот на изложбениот настан претставени беа и активностите на ВМРР преку презентација на постери и индивидуални дискусии со учесниците.











## Средба на БМРР со Генералниот Директорат на ЕУ за земјоделство и рурален развој (ДГ-Агри)

Во текот на настанот БМРР имаше посебна средба со ДГ-Агри за дискусија во врска со мрежите на Западен Балкан и Турција.

Беше дискутирано за следните точки:

- Состојбата на Техничката помош според ИПАРД во секоја од земјите, како и можностите да се финансираат руралните мрежи под ИПАРД програмата,
- Руралните мрежи – самостојни или во рамките на министерствата – две можни опции,
- Други можни извори на финансирање (доколку Техничката помош сѐуште не е акредитирана),
- Опфат на работата (тематски приоритети) за мрежите од земјите кориснички на ИПАРД.

Претставниците на ДГ Агри (га Ана Новак-Вуд, Програмски раководител за Србија и га Ивона Лицтван, Програмски раководител за Турција) ја нагласија важноста и улогата на мрежите при поддршката на спроведувањето на ИПАРД. Беше истакнато и дека финансиската поддршка за мрежите треба да се обезбеди преку мерката за техничка поддршка во земјите каде што таа е акредитирана, а во земјите каде што таква поддршна сѐуште нема, да се изнајдат други средства за финансирање. Таков случај на владина поддршка постои само во Турција, каде што Националната мрежа за рурален развој се финансира со мерката за техничка поддршка. Како пример за успешна работа беше дадена турската мрежа во текот на доделувањето на мерката ЛЕАДЕР и ТП во Турција.

Петар Ѓоргиевски му се заблагодари на Директоратот за поддршката и нагласи дека сите мрежи преку Комитетите за мониторинг на ИПАРД, ќе предложат решенија до релевантните министерства за воспоставување и финансирање на националните мрежи и поддршка на пристапот ЛЕАДЕР. Тој нагласи дека во Македонија, мерката за Техничка помош е акредитирана, но сѐуште не се распределени средства за воспоставување на Национална рурална мрежа. Тој исто така нагласи и дека спротивно на турската мрежа, мрежите од Западен Балкан кои се членови на БМРР се граѓански здруженија и имаат многу поширок опфат на дејствување од ИПАРД, како што се ЕУ интеграција, демократија, децентрализација, застапување и лобирање, насочени принципи од долу-нагоре. Освен тоа, релевантните министерства сѐуште не можат да ја препознаат значајноста на вмрежувањто и треба потесно да соработуваат со граѓанските мрежи во процесот на воспоставување и функционирање на националните мрежи, за подобро спроведување на програмите за рурален развој, во зависност од тоа до кој степен ќе сакаат да ги вклучат граѓанските мрежи и каков модел на мрежа ќе изберат. ДГ-Агри ги прифати препораките и понуди поддршка за да се зајакне соработката и дијалогот помеѓу релевантните министерства и мрежите.